Бр./Nr 12-739/3
17-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на ден 10.03.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под архивски број 12-739/1 од 12.02.2026 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што предметот на пријавата се однесува на постапка која е во надлежност на друг државен орган – Управниот суд на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-739/1 од 12.02.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, по електронска пошта, на ден 12.02.2026 година, е поднесена пријава која се однесува на постапката за избор и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „-----" – ------, по која е оформен предмет број 12-739/1.

Подносителот во пријавата наведува дека постапката била спроведена од страна Советот на Општина ------, при што се укажува дека биле избрани кандидати со помал број на бодови во однос на подобро рангирани кандидати, како и дека дел од именуваните лица наводно не ги исполнувале законските услови.

Државната комисија, при разгледување на наводите во пријавата, констатира дека постапката за избор и именување на членови на органи на управување во јавно претпријатие претставува постапка уредена со посебен закон, во која е обезбедена соодветна правна заштита, односно дека истата е уредена со одредбите од Закон за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

јавните претпријатија, при што законодавецот предвидел правна заштита на незадоволните кандидати преку поведување управен спор пред надлежен суд, согласно одредбите од Закон за управните спорови.

Наводите изнесени во пријавата се однесуваат на правилноста и законитоста на спроведената постапка за избор и оценување на кандидатите, односно на прашања поврзани со примена на материјални и процесни прописи во конкретна управна постапка. Оценувањето на законитоста на донесените одлуки и евентуалните повреди на правата на кандидатите спаѓа во надлежност на управното судство, а не во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај се работи за прашања за кои е обезбедена судска заштита пред надлежен суд, а не за наводи кои упатуваат на постоење на корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија утврди дека не е надлежна да постапува по предметната пријава.

Поради наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата